Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-1151/3

Датум: 05. 12. 2023

До

[redacted]

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван г-дин [redacted],

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации бр. 03-1151/2 од 05.12.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и по пошта, препис од следната информација:

1. Делот од ЗАПИСНИК од 313-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 24.08.2023година,на кој советот ја има разгледано претставката поврзана со работењето на инспекторот за спорт Димитар Терзиев кој постапувал по предметот ИП 1 бр. 14-1723 од 24.08.2022 година.
2. Покана за одржување на 313-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 22.06.2023 година.
3. Целокупната дополнителна документација кој била изготвена на Инспекцискиот совет согласно донесен заклучок од ЗАПИСНИК од 313-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 24.08.2023 година , на кој советот ја има разгледано претставката поврзана со работењето на аинспекторот за спорт Димитар Терзиев кој постапувал по предметот ИП 1 бр.14-1723 од 24.08.2022 година .

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, од дел од Записникот од 313-та редовна седница на Инспекцискиот совет. Приложената заверена копија се однесува на содржината на расправата и усвоениот заклучок по точка 8 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи:"Информација за постапување по претставка УПП 16-104 од 31.03.2023 година – Област 6 – Управа" од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес;

Инспекциски совет

Ул. „Даме Груев" бр. 3, блок 2, локал 5
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: (02) 3103-030
Е-пошта: contact@is.gov.mk
Веб страна: www.is.gov.mk

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Покана за одржување на 313-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 22.06.2023 година;

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Одговор на претставка број УПП 16-104/2023 од 22.06.2023 година

- Копија од ИЗВАДОК од Нацрт-записникот од 313-та редовна седница на Инспекцискиот совет одржана на 31.03.2023 година

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Андријана Алексова, советник

Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор